# ВОВЕД

<u>*Децата*</u> се вистинско злато и најголемо богатство на секој народ во светот без исклучок. Тоа важи и за нашите јужнословјански народи на Балканот, кои се одликуваат со вонредно голема и искрена љубов кон децата и младите. Бугарите, Македонците и Србите сметаат со право дека децата се најголема среќа и за семејството и за поширокота народна заедница. Нема друго нешто што би можело да ги замени во тој однос.

<u>*Музиката*</u> е јазикот што го разбираат сите луѓе, без оглед на нивната народност припадност. Овој <u>прекрасен јазик</u> го разбираат и децата и тоа особено многу ако музичката творба, од анонимниот народен *ТВОРЕЦ* или од познат детски композитор, или поет, ги поттикнува кон искрено другарство, кон трајно пријателство, кон меѓусебно запознавање врз основите на човечноста, хуманоста и љубовта; зашто и пеењето (Августин) и музиката (Константинов) се нејзин секому разбирлив јазик.

<u>*Детскиот музички фолклор*</u> е незаменливо педагошко, образовно и воспитно средство во изградбата, и подигањето на идни родољубиви и хумани граѓани на нивната сакана татковина; искрени миротворци во однос на соживеењето со другите народи, а на прво место со сите свои соседи, кои им се најблиски, и во многу одлики најслични. Природно и логично е соседните

народи да имаат влијание меѓусебно; а тоа е уште поприродно и пологично доколку тие народи се и од исто потекло.

Освен тоа, детскиот музички фолклор придонесува и за поголемо запознавање, зближување и разбирање на братскиот славјански народ во секој однос, зашто детскиот фолклор е средство на љубов, а не на злото и омразата од каков и да било вид. Исто е важно дека преку почетниот детски фолклор се развиваат постепено и естетските чувства на децата, а и етичките-моралните, што им помагаат да дојдат до способноста да го разликуваат доброто(моралното) од злото (неморалното).

## Во вид на заклучок:

Дедскиот музички фолклор заслужува ревносно и совесно проучување од сите можни научни аспекти (педагошки, психолошки, општествени и други). Денешните детски поколенија на еден народ се неговата утрешна иднина.